# З А П И С Н И К

Од 54-та седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 21.05.2020 год.

Седницата се одржа онлајн преку апликацијата ZOOM и започна со работа во 10,20 часот.

На седницата беа присутни 29 членови на Советот на Општината: Претседателотот на Советот-Валентин Груевски, Методија Илиевски,Зоран Стојчевски, Жаклина Наумовска, Ристенка Алтипармаковска,Борче Корлевски,Емилија Костурски, Елеонора Илиевска, Зоран Ѓеорѓиев, Владе Шеровски, Елизабета Тодоровска, Виолета Дракалска,Татјана Крнчева, Јован Налбанти, Славе Најдовски, Веселин Талевски, Билјана Поповска, Анита Ангелевска,Александар Мирчевски,Горан Михајловски,Тони Коњановски,Иванчо Тошевски, Николче Јанкуловски,Борче Димитровски,Олга Лозановска, Викторија Христовска, Горан Степановски,Габриела Илиевска, Иван Чулаковски.

На седницата со дискусија се вклучи и Директорот на ЈПКомуналец Битола Панде Богоевски.

На седницата отсутни беа следните советници:Бурим Керими и Елена Трајчевска.

Записниците од 51,52,53 и Вонредна седница беа ставени на гласање и едногласно усвоени (29ЗА).

Претседателот на Советот Валентин Груевски го прочита дневниот ред со 13 точки.

Иван Чулаковски побара Општина Битола да издвои 500.000д. за набавка на заштитни маски за граѓаните кои ќе бидат поставени на соодветни места-пунктови (на влез од Пазар или онаму каде раздвиженоста е поголема).

Олга Лозановска рече дека пред две седници биле предложени предлог мерки за намалување на економските последици од состојбата со Covid19 и повторно предложи Предлог мерки за намалување на последиците од актуелната состојба со очекување дека советниците ќе гласаат повзитивно:

-намалување на донокот на имот до законски минимум

-намалување на данок на пренос-промет на недвижнини од 3 на 2% до законски минимум

-намалување на комуналната такса-фирмарина на законски минимум за сите сублекти

-ослободување од надоместок за поставување на урбана опрема за период од 1.01.2020 до 31.12.2020 и

-ослободување на хотелите од плаќање на туристичка такса за период од 1.01.2020 до 31.12.2020.

За 4-та и 5 точка Советот да поднесе Иницијатива до Владата за измена на Законот за комунални такси и Законот за такса за привремен престој односно да донесе Уредба по сила на Закон со што истите би стапиле во сила,првите три мерки би стапиле во сила веднаш.

Валентин Груевски предложи нови точки:

1. Одлука за давање согласност за партнерство на проектот „JEWS HERITAGE“.

2.Одлука за кофинансирање на проектот: Промена на дограма и кровна конструкција на СОТУ „Ѓорги Наумов“Битола.

3.Одлука за обезбедување надзор над работите за промена на дограма и кровна конструкција во Средното општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов“Битола.

4. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на

бесправните објекти изградени во КО Цапари во идна урбанистичка планска документација (КП бр.2251).

5. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Кукуречани во идна урбанистичка планска документација (КП бр.1634).

6. Програма за измени и дополнување на Програмата за развојни планови на Општина Битола за периодот од 2020 до 2022 година.

7. Годишен план за вработување во ОУ „Св.Климент Охридски" – Битола за 2021 година.

8. Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на плата на административните (јавните) службеници вработени во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара" – Битола за 2020 година.

9. Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на месечниот надоместок за згрижените деца во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара" – Битола за месеците април и мај 2020 година.

10. Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на месечниот надоместок за згрижените деца во ЈОУДГ „Мајски Цвет" – Битола за месеците април и мај 2020 година.

Предлогот на Иван Чулаковски- Општина Битола да издвои 500.000д. за набавка на заштитни маски за граѓаните кои ќе бидат поставени на соодветни места-пунктови беше ставен на гласање и не беше прифатен со 13 гласови ЗА и 15 воздржани.

Предлогот на Олга Лозановска

-намалување на донокот на имот до законски минимум

-намалување на данок на пренос-промет на недвижнини од 3 на 2% до законски минимум

-намалување на комуналната такса-фирмарина на законски минимум за сите сублекти

-ослободување од надоместок за поставување на урбана опрема за период од 1.01.2020 до 31.12.2020 и

-ослободување на хотелите од плаќање на туристичка такса за период од 1.01.2020 до 31.12.2020.

За 4-та и 5 точка Советот да поднесе Иницијатива до Владата за измена на Законот за комунални такси и Законот за такса за привремен престој односно да донесе Уредба по сила на Закон со што истите би стапиле во сила,првите три мерки би стапиле во сила веднаш, беше ставен на гласање и не беше прифатен со 10 гласови ЗА и 17 воздржани.

Предлозите на Валентин Груевски:

1. Одлука за давање согласност за партнерство на проектот „JEWS HERITAGE", беше ставен на гласање и прифатен со 27 гласови ЗА и 1 воздржан.

2.Одлука за кофинансирање на проектот: Промена на дограма и кровна конструкција на СОТУ „Ѓорги Наумов"Битола, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (29ЗА).

3.Одлука за обезбедување надзор над работите за промена на дограма и кровна конструкција во Средното општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов"Битола, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (29ЗА).

4. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Цапари во идна урбанистичка планска документација (КП бр.2251), беше ставен на гласање и едногласно прифатен (29ЗА).

5. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Кукуречани во идна урбанистичка планска документација (КП бр.1634), беше ставен на гласање и едногласно прифатен (29ЗА).

6. Програма за измени и дополнување на Програмата за развојни планови на Општина Битола за периодот од 2020 до 2022 година, беше ставен на гласање и прифатен со 18 гласови ЗА и 10 воздржани.

7. Годишен план за вработување во ОУ „Св.Климент Охридски“ – Битола за 2021 година, беше ставен на гласање и прифатен со 18 гласови ЗА,10 против 1 воздржан.

8. Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на плата на административните (јавните) службеници вработени во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ – Битола за 2020 година, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (29ЗА).

9. Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на месечниот надоместок за згрижените деца во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ – Битола за месеците април и мај 2020 година, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (29ЗА).

10. Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на месечниот надоместок за згрижените деца во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ – Битола за месеците април и мај 2020 година, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (28ЗА).

За работа на седницата беше предложен и прифатен со 17 гласови ЗА и 11 против следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1.Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Битола за првиот квартал од 2020 година.

2.Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020ина.

3.Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година.

4.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на подрачјето на Општина Битола.

5.Одлука за основање на јавна општинска установа Културен и информативен центар Битола.

6.Програма за измени и дополнување на Програма за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2020 година.

7.Програма за измени и дополнување на Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2020 година.

8.Програма за измени и дополнување на Програмата за економски развој во Општина Битола за 2020 година.

9.Програма за измена и дополнување на Програмата за јавни дејности во Општина Битола за 2020 година.

10.Програма за измени и дополнување на Оперативна Програма за поправка и одржување на улично осветлување (тековно одржување – замена на живините, натриумовите и флуоресцентни светилки со лед светилки заради поголема енергетска ефикасност на целиот систем за улично осветлување) на подрачјето на Општина Битола за 2020 година, Бр.03-71/1 од 28.01.2020 година.

11.Годишен план за вработување во ОУ „Св.Кирил и Методиј"Битола за 2021 година.

12.Измена и дополнување на годишниот план за вработување на ЈП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола за 2020 година.

13.Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за хоризонтално обележување на надолжна и напречна сообраќајна сигнализација на ЈП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола.

14.Одлука за давање согласност за партнерство на проектот „JEWS HERITAGE".

15.Одлука за кофинансирање на проектот: Промена на дограма и кровна конструкција на СОТУ „Ѓорги Наумов"Битола.

16.Одлука за обезбедување надзор над работите за промена на дограма и кровна конструкција во Средното општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов"Битола.

17. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Цапари во идна урбанистичка планска документација (КП бр.2251).

18. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Кукуречани во идна урбанистичка планска документација (КП бр.1634).

19. Програма за измени и дополнување на Програмата за развојни планови на Општина Битола за периодот од 2020 до 2022 година.

20. Годишен план за вработување во ОУ „Св.Климент Охридски" – Битола за 2021 година.

21. Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на плата на административните (јавните) службеници вработени во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара" – Битола за 2020 година.

22. Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на месечниот надоместок за згрижените деца во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара" – Битола за месеците април и мај 2020 година.

23. Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на месечниот надоместок за згрижените деца во ЈОУДГ „Мајски Цвет" – Битола за месеците април и мај 2020 година.

1.

Борче Корлевски рече членовите на Комисијата за финансии го разгледале материјалот по точките 1,2,3,4,11,12,13,14,20,21,22 и 23 а гласањето беше:за точките 1,12,13 и 20 со 3 гласови ЗА и 1 воздржан;  а за точките:2,3,4,11,14,21.22. и 23 со 4 гласови ЗА.

Иванчо Тошевски имаше процедурална забелешка што на седницата биле добиени 9 нови точки повеќе од она што било договорено на кординација, а материјал за 5-тата точка советниците добиле со задоцнување.

Претседателот праша со кој член е прекршен Деловникот и Статутот за работа на Советот и појасни дека на сама седница може да се предлагаат дополнителни точки од страна на сите советници, и смета дека не е прекршен ниту Деловникот ниту Статутот за работа по ниту еден член.

Николче Јанкуловски рече,како во предходните така и во овој Извештај не постојат реализирани завршени суштински пероекти кои во изборната 2017 беа промовирани во јавноста, а за најавените мерки за поддршка на Битолското стопанство погодено од Корона кризата нема ништо и после 36 денови (потсети дека Општина Гевгелија такви мерки донесла на 5.04 а Општина Прилеп на 7.04, Општина Аеродром на 23.04).Во делот на екологијата буџетската програма за заштита на животната средина е со реализација 0,01% а ги спомна и средствата од ЕЛЕМ за набавка на 2500 инвертери и праша Дали постои реална закана парите од ЕЛЕМ да бидат вратени кај давателот заради пролонгирањето на роковите? Ја спомна пречистителнатa станица и праша Дали ќе биде проблем исплатата на средствата од ЕУ (21 милион Евра) за пречиститечната станица од причина што се пробиени роковите за истата а од Гасификацијата нема ништо.Напомена дека во Кварталниот извештај нема средства за современување на јавниот линиски општински превоз,нема за мулти функционалниот спортски комплекс,нема велосипедски патики,за надвозник кај ОУ К.Канински а не е предвидена нова зграда за ТППЗ која се планираше да биде во Касарната.

Методија Илиевски рече,од Извештајот за првиот квартал за оваа година се гледа дека има зголемување од 12,3% (за разлика од предходната година).Завршена е целосната документација на Општина Битола за изградба на нова градинка во делот на АРМ2 а почетокот на градба ќе биде 2020г.Озеленети се 6 паркови во изминатиот период а се уредени и со соодветни предмети за децата,извршено е чистење на каналите во Пелагонија.Се започна со градење на најдолгата улица во градот ул.Илинденска (над 2,5 км.); во однос на безбедноста во сообраќајот рече дека има активности на хоризонталната сигнализација а се прави и смирување во сообраќајот покрај училиштата и онаму каде е потребно.За осветлувањето Илиевски рече дека дека оваа ЛС направи замена на повеќе од 2000 сијалични места со нови лед светилки кое чини поекономично и подобро свети а до крајот на 2020 година ќе бидат заменети и останатите сијалични места во градот, а средствата кои остануваат се користат за осовременување и интензивна промена на сијалиците, а на обиколницата во тек е изградба на заштитен зид со кој ќе се намали и бучавата.После повеќе од 40 години е започната санација на патот кон с.Маловиште, а во нас.Баир поставени се 2 нови трансформатори за напојување на населението со електрична енергија, додека за с.Д.Оризари е објавен тендер за најголемата улица во тој дел.Ја спомна изградбата односно реконструкцијата на Офицерскиот дом,секундарната мреша во с.Тново и Магарево и тн.Во однос на спортот рече, финансирањето и изградбата на Стадионот продолжува а се започнува и со реконструкција на кугланата.Објавени се тендерите за реконструкција на Спортската сала Б.Чурлевски а во однос на образованието рече дека училиштата се одблокирани со помош на Владата на РСМ после тоа следеше и реконструкција во делот на тоалетите,осовременување на поголем дел од училници и реконструкција на училишните дворови.

Анита Ангелевска рече наместо власта да говори за проекти-таа говори за минормни работи или редовни активности а во однос на Кварталниот извештај рече:програмата за

развој на туризмот е со 0%реализација,проектот со гасификацијаа за проектот пречистителна станица и праша До каде е реализацијата на истиот.Од Кварталниот Извештај не се гледа ништо од реконструкцијата на патот кон Маловишта,излетничкото место кон Лопатица,настрешниците на Градскиот пазар. Во однос на капиталните расходи за изградба и реконструкција на улици рече,0% е реализација на реконструкцијата на капацитети од енергетиката,изградба на капацитети за водоснабдување,изградба на атмосверска и фекална канализација. Смета дека проблемите во образованието останувaат и тоа со недостаток на средства од наменската и блок дотација и не е најдена формува за распределба на наменската и блок дотација, а проблемот со превоз на учените не е решен.ГУП сеуште не е донесен,а спомна дека само ставката за социјална парична помош е реализирана со околу 40%.

Иванчо Тошевски на почетокот потсети на ветувањата од предизборната кампања на оваа власт односно дека гасификацијата ќе биде завршена до 2020г.а Градоначалничката одлучи да работи на Физибилити студии и да презентира со цел да ги измами граѓаните, а оваа година во правиот кварал (за џабе)имаме потрошено над 4 милиони д. а тоа е скап политички маркетинг.Во однос на Пелистер дека ќе биде туристичка дестинација во 2020- реализацијата е 0; го спомна и Еколошки јавен превоз и набавката на еко возила со кои ќе стопанисуваше новоформираното ЈП -од реализација нема ништо (предвидени 18 милиони д.а реализација 0%).Во однос на инфраструктурата програмите ИА(изградба на капацитети во енергетиката водоснабдување,изградба на улици и патишта и ЈЛ програмата)има големо потфрлување (планирани 270 милиони д. а реализирани 19,8 милиони д.), а ја спомна и Програмата Ф1- изработка на просторно урбанистички планови од планираните со многу мала реализација.На крајот од дискусијата уште еднаш потсети на ветувањата на власта: гасификација,пречистителна станица,мултифункционален спортски комплекс,еколошки превоз,велосипедски патеки,современ интегриран систем на управување на отпад,нова зграда за ППЕ,надземен пешачки премин кај Боримечка и ја праша Градоначалничката Што е направено во врска со Општинскиот центар за талентирани ученици.

Габриела Илиевска на почетокот рече дека од предхподните дискусии таа не слушнала за капитални работи кои треба да ги сработи Општината,она што било кажано(тоалети,цвеќиња и сл) преставува тековна работа. Ја поздрави одлуката за средства наменети за Зоо градина за санација на кафезите и смета дека власта работи само под притисок (потсети на предлогот од „Поинаку за санација на кафезите од 24.01.2020). Илиевска рече дека на два пати советничката група на Поинаку бара точка за делење на маски за заштита на граѓаните и потсети дека во други градови се делат по 18000маски дневно.

Олга Лозановска во однос на реализацијата од 12,3% која ја спомнал Илиевски рече,во правиот квартал се искористени 26 милиони д. од пренесен вишок на приходи од минатата година и реалниот процент е нешто повеќе од 9% и праша Зошто ЈП Комуналец во правиот квартал има уплатено 1,6 милиони д. наместо 3 милиони за првите три месеци, зошто парите од продажбата на Еурофарм се уплатени во 2020 а тој е продаден во 2019, а уредувањето на парковите со цвеќиња е дел од програмата на Комуналец.

Валентин Груевски рече,во изминатите 2,5 години е направено а до крајот на мандатот на оваа власт ќе биде направено повеќе од она што предходната власт го направи за 12 години и наброи некои од нив: Градскиот Стадион на кој ќе се играат меѓународни натпревари е инвестиција од 5 милиони Евра која ќе биде завршена и целосно платена до крајот на мандатот а во наскоро време ќе се започне со поставување на рефлектори на

истиот; Во Спорската сала се адаптира кугланата,За Офицерскиот дом обезбедени 1 милион Евра и праша Дали Офицерскиот дом треба да се даде на управување на приватни субјекти? Дали Киното Манаќи треба дасе предаде на некое Скопско здружение за да управува и Дали во Битола нема доволно културни работници.Ја спомна санацијата на обиколницата и звучната ограда со што ќе се зголеми безбедноста на тој дел од патот; затворениот базен на кој се работи. За клима инвертерите реле дека тие се на Општинска сметка и тие пари не се добиени од Влада туку од Електростопанство и затоа Владата неможе да ги земе,а во однос на ППЕ рече дека зградта се води како дивоградба а дозволата за легализација треба да ја даде Министерството за транспорт и врски па дури после тоа да се реновира.Ја спомна изградбата на ул.Илинедска со 2,5 км., реновирањето на спорските терени во ОУ Кирил и Методиј,Т.Ангелевски и средства за реновирање на терени во нас.Буковски ливади, во делот на Баир тн.„Тепсија“.

Иван Чулаковски рече дека оваа власт после 2,5 години собра сила со помош на приватни фирми да се исчисти обиколницата и се постави човек да внимава на хигиената,но сега има и нови депонии и смета дека тоа не треба да се гледа како капитален проект. Чулаковски смета дека Советот на Општината може да донесе точка со која Општината ќе доддели средства за набавка на маски за граѓаните и нема потреба Кризниот штаб да доделува маски.

Валентин Груевски рече дека во делот на обиколницата се направени 4 работи: 1) најпрвин беше санирано свлечиштето;2)беше реконструиран делот од клучката од Лукоил до клучката за Прилеп;3)беше исчистено ѓубрето и се одржува и 4)поставувањето на заштитната ограда, и се очекува дека со оградата проблемот дефинитивно ќе биде решен.

Анита Ангелевска му се обрати на Претседателот на Советот при што рече (според Ангелевска) дека само тој има екслузивно право да говори за фактите и вистината, а според Ангелевска тоа е заблуда.

Влатко Шеровски рече дека во владеењето на ВМРО ДПМНЕ е направен само капитал од 60 милиони Евра и праша Што направи ВМРО ДПМНЕ во Битола за изминатите 12 години, го спомна долгот во училиштата и тоа дека во изминатите години ништо не направила предходната власт на обиколницата .

Габриела Илиевска побара партиските активности да бидат тргнати настрана затоа што сите советници се избраници на граѓаните, а почитувањето на различните размисувања е одлика на политичка култура.

Влатко Шеровски појасни дека неговата дискусија биле упатена кон партијата која во предходниот период беше на власт.

Габриела Илиевска ја праша власта Дали знае колкав Буџет има Општина Битола и што се може да се направи со тој Буџет и зошто 4-5 пати власта гласаше против правење на обиколницата.

Олга Лозановска рече дека во изминатите2,5 годни власта не реализирала нити еден капитален проект и тоа дека здравствените работници сами си купвале заштитни маски,
Иванчо Тошевски ги замоли советниците од власта да си ги проследат говорите за она што говореле на предходни седници кои се однесуваат на квартални извештаи или завршни сметки.

Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Битола за првиот квартал од 2020 година, беше ставен на гласање и усвоен со 17 гласови ЗА, 9 против и 2 воздржани.

2.

Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година, беше ставена на гласање и едногласно донесена (28ЗА).

3.

Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година, беше ставена на гласање и едногласно донесена (28ЗА).

4.

Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на подрачјето на Општина Битола, беше ставена на гласање и едногласно донесена (28ЗА).

5.

Жаклина Наумовска рече.членовите на Комисијата за јавни дејности го разгледа материјалот по точките:5,9 и 15 а гласањето беше :за 5-тата со 3 гласови ЗА и 1 воздржан,а за 9 и 15 со 4 гласови ЗА.

Борче Димитровски забележа што на седницата не е присутна Градоначалничката Петровска, а по однос на точката рече дека не се дискутира за објекти туку за институција која во иднина треба да функционира.Димитровски смета дека точката е избрзано поставена на дневен ред затоа што во овој период најпрвин веќе е донесена Национална стратегија за култура за период 2018-2022 (со која не се согласува) каде важен сегмент е редефинирање на статусот на националните институции (во Битола има 5 институции од културата), а децентрализација на националните институции е предвидено да оди во поедноставна постапка во сите општини од државата во следен период (не подоцна од 2022г.). Во однос на киното Манаки рече дека тоа ќе има помалку од 100 седишта и многу подобро е Програмата да биде усогласена со Центарот за култура однолку двете кино сали да функционираат засебно,а во однос на Офицерскиот дом после ревитализацијата би можело да биде една сцена за алтернативна уметност.Димитровски смета дека во институцијата ќе се вдомат партиски кадри која ќе профункционира без конкретизирани цели и разработка.

Жаклина Наумовска рече:Офицерскиот дом не е обичен објект е тој е одлика на Конзулска Битола,постои 101 година и истиот преставува културно налседство кое треба да биде заштитено со конзерваторско реставраторски постапки а потоа да се врати на културата во Битола. Во Јули 2017 Советот на Општина Битола предложи и донесе Одлука за учество во кофинансирање на проект наменет за реставрација на Офицерски дом Битола, а на 26.06.2018г. СДСМ со коалицијата преку ЛС обезбедија пари преку ИПфондовите со целосно и директно реставрирање и ревитализација на Офицерски дом Битола како проект.Изработен е проект и во Февруари 2019 е најавено дека до крајот на истата ќе се започне со теренските активности а објектот да биде завршен до крајот на 2020г.Оваа локална власт смета дека Киното Манаки(кое беше „килаво“оставено заедно со Офицерскиот дом треба да бидат јавна општинска установа и тука нема ништо спорно, и потсети дека предходната власт Офицерскиот дом сакаше да го продаде или направи трговски центар.Офицерскиот дом во Битола во иднина ќе биде мултимедијален културен центар.

Габриела Илиевска прочита извадок од прес конференција дадена пред неколку години а се однесувала на Киното Манаки и ги праша советниците од власта (кои се присутни на седницата)-колку од советниците протестирале пред Киното Манаки и колку од нив се сеќаат дека истото беше обоено и колку се сеќаваат на зборовите дека тоа е

промашена инвестиција во градот? Илиевска смета дека во моментот во Општината има Одделение за култура кое може да се носи со она што треба да се случва во наредниот период и праша:Колкави финансиски средства ќе треба да одвои Општината за Општинската установа да може да функционира?Исто така рече дека пред да се донесе било каква одлука за Киното Манаќи-требаше да бидат прашани граѓаните на Општина Битола,односно на поинаков начин да се одлучи за иднината на Киното Манаќи.

Татјана Крнчева се сложува и ја поздрави идејата за формирање на Установата и смета дека секој културен работник заслужува професионален пристап во колтурно уметничкиот сегмент во Битола.

Олга Лозановска побара од кординаторот на проектот да ја каже оправданоста за формирањето на јавната установа,дали има економска ипраданост за формирањето и се сложува со Димитровски Киното да биде дадено на Центарот за култура и тој да раководи со истото.

Борче Корлевски рече,главна дејност на Јавната општинска установа е дејност на објекти за културни манифестации што опфаќа дејности на концертни и театарски сали и останатите објекти на културата.Установата ќе се финансира од самите приходи,од Буџетот на Општина Битола и од останати приходи од меѓународни организации, а оној кој ќе раководи со истата треба да има Програма која ќе биде преставена пред советницитеи не е во ред нешто однапред да се критикува.

Иванчо Тошевски рече дека отсуство на дебата има сега а исто така отсуство на дебата имаше и кога се формираше ЈП за паркинзи, а забележа што никој од советниците не спомнал колку пари се потребни за функционирање на јавната установа,на кој начин ќе бидат обезбедени средствата или колку луѓе ќе се вработат односно,дали пошироката јавност дава поддршка на тоа.

Борче Корлевски смета дека не ја сваќа потребата советниците да наметнуваат колку пари се потребни за установата или колку луѓе ќе работат и сл., тоа треба да го работат професионалци, односно не е во ред советниците како политички избраници да се мешаат во делот на работата на јавната установа или јавни претпријатија.

Борче Димитровски рече, одговор за функционирање на Установата од советниците од власта нема и појасни:кога се носи Одлука за формирање на Установа-таа е Одлука на Општината и Советот и тоа е политичка одлука.Димитровски смета-кога се формираат нови институции треба многу добро и плански да се размисли како тие ќе функционираат на среден и долг рок.

Габриела Илиевска праша Дали денеска кога е време на пандемија поважно е да се носе Одлука на Совет за формирање на ново Општинска установа за култура или е поважно е на граѓаните да им се обезбедат маски?!Илиевска смета дека ова за што се разговара-требаше да биде на јавна дебата каде сите граѓани од Општина Битола ќе може да кажат дали се служуваат или не, а во случајот Одлуката се носи еднострано.

Одлуката за основање на јавна општинска установа Културен и информативен центар Битола, беше ставена на гласање и донесена со 17 гласови ЗА и 12 воздржани.

6.

Методија Илиевски рече,членовите на Комисијата за јавни и комунални дејности го разгледа материјалот по точките 6,7и 10 а се гласало: за ,-тата со 3 гласови ЗА, 7-мата со 3 гласови ЗА у 1 воздржан а 10-тата со 3 гласови ЗА.

Александар Мирчевсдки рече дека има информации (за последните две години) се променети околи 1700 сијалични места со понова лед технологија на сијалици,а Општина

Битола со околните места има околу 13000 а според досегашната динамика за целосна замена на живините сијалици ќе биде потребно околу 7 години(спрема прикажаната динамика).Според резултатите на терен може да се рече дека промената не е во целост планска туку е на случаен избор и праша Зошто не е изработен целосен план во кој ќе бидат прикажани конкретни рокови,цени за целосна промена на осветлувањето.Смета дека промената на 13000 светлечки места нема да чини повеќе од 1,5 милиони Евра и апелираше за посериозен пристап на оваа проблематика за да може да се види бенефитот од истите.

Методија Илиевски потсети дека во последните десетина години во Општината Битола се поставуваа стари живини сијалици кои имаа помала ефикасност во делот на осветлување а поголема потрошувачка на електричната енергија, и побара опозицијата да не дискутира на оваа тема.Од околу 11000сијалични места во изминатиот период се променети околу 2000, се продолжува да се врши набавка и поставување на лед светилките и додаде:приоритет на промена на светилки имаа најпрвин поголемите главни сообраќајници во градот а потоа и на помалите улици и населбите.Општина Битола по пат на тендерска набавка на електрична енергија од приватен оператор прави заштеда на повеќе од 5 милиони д.

Олга Лозановска на прави споредба со 2016г. па наваму на планирано и остварено (во 2016 имало 14,5 милиони ден а сега во 2020 со 28 милиони д.) и праша Каде ќе биде вложена оваа сума.

Емилија  Костурски рече дека овој Совет ја донесе Одлуката за одржувањето и сервисирање на уличното осветлување на територија на Општина Битола (за градот) и руралните средини од поранешните општини Кукуречани.Бистрица и Цапари односно за 62 населени места да го врши ЈП Комуналец.Бројката на постоечки сијалични места е 11000,а за сумата реле,озветленоста порано за тие пари беше 8-10 лукси а денеска е околу 70 лукси.Одржувањето од приватните фирми значеше само замена на старите сијалици и минимални поправки.Во просек од 2018 до 2013г. 12 милиони д. пари од граѓаните на годишно ниво Општината исплаќала на фирмите само за одржување и змена на тие светилки, и потсети дека ЈП Комуналец е задолжен за одржување и замена на светичките и за комплетно одржување и сервисирање на целата подземна и надземна мрежа, и затоа се проширува и оперативниот план.Смета дека сите треба да го признаат успехот од она што е направено од страна на ЈП односно поставување на околу 2000 лед светилки кое се правеше (се рабоптеше) и за време на вонредната состојба.Смета дека она што е направено до сега не значи незнаење, напраотив- тоа е знаење,умеење, вредно е за почит и за поздравување.

Иванчо Тошевски рече доколку имало коруптивни зделки со осветлувањето тогаш Зошто никој од власта не покрена некакво обвинение и зошто се соработува со исти фирми како и во предходниот период. Тошевски потсети на проектот од ЈП Комуналец за Зелена Битола и уништени 3000садници, а во однос на светилките рече дека Битола заслужува да има лед осветлување, и нормално е дека со развојот на техноилогијата да се размислува за лед светилки.Смета дека доколку се имаше добро осмислен план за замена на сите сијалични места во градот веројатно до сега Комуналец ќе беше во завршна фаза на осветлувањето.

Олга Лозановска праша Зошто е зголемена сумата и каде ќе се вложат средствата од 28 милиони?

Маријана Спасевска,Раководител на Одделението за Комунални работи рече дека цифрите кои биле спомнати не се дел од Програмата од Одделението.Во Програмата на оваа

ставка за која станува збор беа предвидени 18.801.000д.(во Јануари имаше измени и дополнување за 2 милиони) и таа ставка стана 13.801.000д и сега се зголемува и станува 18.546.000д.На прашањето од Лозановска рече ќе треба да се одговори во делот на Оперативната Програма и таму ќе може да се каже каде точно ќе се употребат средствата.

Програмата за измени и дополнување на Програма за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2020 година, беше ставена на гласање и донесена со 17 гласови ЗА и 1 воздржан.

7.

Програмата за измени и дополнување на Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2020 година, беше ставена на гласање и едногласно донесена (28ЗА).

8.

Емилија Костурски рече,членовите на Комисијата за Економски развој го разгледа материјалот по точката и за истата се гласало со 3 гласови ЗА и 1 воздржан.

Програмата за измени и дополнување на Програмата за економски развој во Општина Битола за 2020 година, беше ставена на гласање и донесена со 17 гласови ЗА и 9 воздржани.

9.

Програмата за измена и дополнување на Програмата за јавни дејности во Општина Битола за 2020 година, беше ставена на гласање и едногласно донесена (28ЗА).

10.

Емилија Костурски на почетокот од дискусијата рече дека надополнувањето на Програмата е од причина што Оперативната Програма е комплетно реализирана,заштедите кои се направени повторно се враќаат за доброто на граѓаните во дополнителна работа во делот на осветлување на ЈПКомуналец.Комуналец превзема дополнителна амбициозна задача за поправка, одржување и замена на старите со ново лед осветлување на дополнителни улици кои беа наведени во доставените материјали (ул.13-ти Јули,во нас. Боримечка,И.Атанасовски,Бул.1-ви Мај, Кл. Охридски,П.Божиновски,М.Манаќи).

Олга Лозановска праша каде ќе бидат вложени парите од 28 милиони.

Горан Михајловски побара советниците кога земаат збор да ја вклучат и камерата.

Панде Богоевски Директор на ЈП Комуналец рече, и на седница на Комисијата а и во дискусиите на оваа седница дадени се одговорите на прашањата и нагласи:Се она што беше финансиски средства предвидени за реализација за оваа година според можностите на Буџетот на Општина Битола се реализирани уште во Првото полугодие, во Второто полигодие ќе се реализира нова програма дополнителна со дополнителен број на сијалични места, а во меѓувреме додека се реализира вториот дел кој е во програма-Комуналец бара дополнителна поддршка со пренамена на средства за да може во месеците Мај,Јуни и Јули да се продолжи со она што се започна. Се планира да се стават уште 1000 нови лед светилки за улиците кои се наведени во дополнението на Програмата а се работи со допло повеќе зголемен интензитет. Во однос на парите Богоевски рече дека тие не бараат пари од Буџетот на Општината туку од самите средства предвидени во делот на уличното осветлување, а напомена дека според констатациите и анализите Комуналец има серозни заштеди во делот на одржување и сервисирање за град и село од околу 5 милиони. Општина Битола е единствена општина во државата којана овој принцип на база на заштеди со сопствени средства од сопствени извори без никаков кредит реализира.

Габриела Илиевска забележа на Директорот што за време на дискусијата немаше вклучено камера, а Претседателот на Советот појасни дека на линкот неможе да се приклучи секој еден освен оние на кои им е дозволено од негова страна.Линковите за присуство на седница се испраќаат до официјалните мејлој на ЈП-ја или установите.

Анита Ангелевска неможе да ја разбере потребата од невклучување на камера кога се дискутира на седница.

Олга Лозановска рече,Директорот на Комуналец во дискусијата- од една страна како заштедува а од друга страна бара дополнителни средства за озветлување,за јавна чистота и јавно зеленило.

Програмата за измени и дополнување на Оперативна Програма за поправка и одржување на улично осветлување (тековно одржување – замена на живините, натриумовите и флуоресцентни светилки со лед светилки заради поголема енергетска ефикасност на целиот систем за улично осветлување) на подрачјето на Општина Битола за 2020 година, Бр.03-71/1 од 28.01.2020 година, беше ставена на гласање и донесена со 17 гласови ЗА.

11.

Годишен план за вработување во ОУ „Св.Кирил и Методиј"Битолаза 2021 година, беше ставен на гласање и прифатен со 18 гласови ЗА и 8 против.

12.

Измената и дополнувањето на годишниот план за вработување на ЈП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола за 2020 година, беше ставен на гласање и прифатен со 17 гласови ЗА,8 против и 1 воздржан.

13.

Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени захоризонтално обележување на надолжна и напречна сообраќајна сигнализација на ЈП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола, беше ставено на гласање и едногласно донесено (25ЗА).

Претседателот на Советот даде пауза од 15 мин.

14.

Одлуката за давање согласност за партнерство на проектот „JEWS HERITAGE", беше ставена на гласање и едногласно донесена (28ЗА).

15.

Борче Корлевски рече,посуштински и покапитален проект од вложување во образованието нема во нити една држава а тука е заложбата на Општина Битола тоа да го стори во сите основни и средни училишта (најпрвин враќање на долговите а потоа да се вложи во образованието со реконструкција за да има нормална настава) а и во градинките.Го спомна Техничкото училишта каде се менува кровната конструкција, санитарните јазли,дограмата а тоа се случува и во останатите училишта.

Одлуката за кофинансирање на проектот: Промена на дограма и кровна конструкција на СОТУ „Ѓорги Наумов"Битола, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

16.

Одлуката за обезбедување надзор над работите за промена на дограма и кровна конструкција во Средното општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов"Битола, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

17.

Зоран Стојчевски рече,членовите на Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина го разгледа материјалот по точките 17 и 18 и за истите се гласало со 4 гласови ЗА.

Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Цапари во идна урбанистичка планска документација (КП бр.2251), беше ставена на гласање и едногласно донесена (23ЗА).

18.

Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Кукуречани во идна урбанистичка планска документација (КП бр.1634), беше ставена на гласање и едногласно донесена (23ЗА).

19.

Програмата за измени и дополнување на Програмата за развојни планови на Општина Битола за периодот од 2020 до 2022 година, беше ставена на гласање и донесена со 16 гласови ЗА и 4 воздржани.

20.

Годишниот план за вработување во ОУ „Св.Климент Охридски“ – Битола за 2021 година, беше ставен на гласање и усвоен со 16 гласови ЗА,4 против и 2 воздржани.

21.

Славе Најдовски рече,предлогот на ЛС предводена од СДСМ и коалицијата е месечниот надоместок за секое згрижено дете во сите градинки на територијата на Општина Битола за месеците Април и Мај да биде (0) нула денари односно родителите комплетно да бидат ослободени од плаќање.Градинките се во добра состојба а тимовите ќе изнајдат начин трошоците за овој период да ги исплатат а едновремено да помогнат на родителите.

Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на плата на административните (јавните) службеници вработени во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ – Битола за 2020 година, беше ставено на гласање и едногласно донесено (23ЗА).

22.

Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на месечниот надоместок за згрижените деца во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ – Битола за месеците април и мај 2020 година, беше ставено на гласање и едногласно донесено (24ЗА).

23.

Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на месечниот надоместок за згрижените деца во ЈОУДГ „Мајски Цвет“ – Битола за месеците април и мај 2020 година, беше ставено на гласање и едногласно донесено (24ЗА).

Седницата заврши во 16,15 часот.

Седницата се пренесуваше на Youtube и се снимаше на аудио касети и по нив се водат забелешки.

Седницата ја обработи Ленче В.Гареска,референт за седници.

Бр..09-41/2 | ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.05.2020 год. | На Советот на Општина Битола
Б и т о л а | Валентин Груевски